# ГРАФОМЕТРИКС

Година 2, Број 3

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- Почнувајќи од први јули, курсната листа на НБРМ се прошири со 23 нови валути, на вкупно 33 достапни валути на домашниот девизен пазар. Македонските граѓани ќе може да имаат сметки во овие валути, да вршат плаќања во овие валути и да штедат во нив.
- Македонија е рангирана на 63-то место од 138 земји во светот според индексот за олеснување на трговијата, пресметан од Светскиот економски форум. Мерките за пристап до пазарите се највисоко рангирани со 28-мо место, додека граничните процедури се најниско рангирани, 85-то место.
- Според податоците на Државниот завод за статистика:
  - БДП во првиот квартал од годината бележи пораст од 3.9% во споредба со истиот квартал лани. Главен двигател на растот е градежништвото поттикнато од државата и од странските фабрики. Странските фабрики најмногу придонесоа и за пораст на извозот (12.5%), но за исто толку порасна и увозот.
  - Стапката на невработеност во првиот квартал од годината бележи пад, и изнесува 28.4%. Стапката на младинска невработеност останува висока, 54.6%.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

### Нашата Визија

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

### Нашата Мисија

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси

Ул. Јордан Мијалков 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графикони на месецот за Македонија




*Извор: Монетарна статистика на НБРМ, пресметка на Finance Think*

После период на стагнација, кредитирањето забележа раст во првата половина од годинава и во месец мај достигна стапка од 8%. Сепак, кредитирањето во денари е доминантно, а кредитниот раст за население е скоро двојно повисок од растот за фирми. Истовремено, нефункционалните кредити на вкупното портфолио забележаа забавување на растот и во мај тој достигнаа 6%, што е сличен раст со тој пред финансиската криза.







*Извор: Државен завод за статистика на РМ, пресметка на Finance Think*

Учеството на иновативни деловни субјекти во периодот 2010-2012 година изнесува 42,8% во вкупните деловни субјекти. Иновативните активности кај големите компании се позастапени, дури 76% од сите активности се иновативни, во споредба со малите компании каде учеството е 40%. Според видот на иновации, иноваторите во организација и маркетинг се доминантни , а скоро двојно помалку има иноватори на производ или процес .

# Графикони на месецот за регионот и Европа

**Стапка на активност на населението на возраст од 15 години и повеќе во 2012 година (по пол, во %)**




*Извор: Светска Банка, пресметка на Finance Think*

Учеството на жените во работната сила е скоро двојно помало во споредба со мажите во земјите од регионот. Најмало учество имаат жените во Босна и Херцеговина, а најголемо во Словенија. Најголем родов јаз во учеството има во Македонија: дури 24 процентни поени, а најмал во Словенија и Бугарија од 11 процентни поени.




Финска, Германија и Шведска се најдоа на врвот - најконкурентни економии во ЕУ, според поставеноста на институциите, политиките и факторите кои влијаат врз продуктивноста во земјата. Додека Грција, Словачка и Романија се најдоа на дното на скалата на конкурентноста во ЕУ. Според три параметри: институциии, високо образование и иновативност, земјите од Северна Европа се значително поконкурентни од земјите од Централна и Југоисточна Европа.

# Графикони на месецот за светот




Финансиската криза различно се одрази врз расположливиот доход на домаќинствата, како и помеѓу сиромашните и богатите. Во Шпанија, најбогатите во општеството претрпеа скромен пад на расположливиот доход, додека најсиромашните беа силно погодени за време на финансиската криза. Спротивно на тоа, во Германија, расположливиот доход и на богатите и на сиромашните незначително порасна. Во САД и Франција, богатите станаа побогати, додека сиромашните посиромашни.




После периодот на петгодишна стагнација, светските економии заздравуваат, но и понатаму остануваат ранливи. Повеќето економисти предвидуваат закрепнувањето да забрза во текот на оваа година.

# Инфографикон на месецот




Кој е сиромашен? Сиромаштијата има многу лица: недостаток од пари, здравствена заштита, образование, услови на живеење и многу други аспекти. Секој кој има недостаток од најмалку еден од овие фактори се смета за сиромашен, а доколку има недостаток од повеќето од нив, спаѓа во дефиницијата за мулти-димензионална сиромаштија.

Во светот, 1.6 милијарди луѓе се мултидимензионално сиромашни, 40% од нив живеат во Индија, а 85% живеат во рурални области. Позитивно е што мултидимензионалната сиромаштија се намалува. Земјите го постигнуваат тоа на различни начини. Непал ја подобри нахранетоста и ја намали смртноста на децата во периодот од 2006 до 2010 година; Руанда го подобри пристапот до санитарни услови и безбедна вода од 2005 до 2010; додека Гана го подобри присуството на училиште и ја намали смртноста на децата од 2003 до 2008.